105 4583282.703 659765.688 326.063 FIXED 29 48 1.0 0.5 0.8 0.037 0.038 24.01.2025 12:55:39
106 4583285.645 659768.811 325.901 FIXED 22 48 1.1 0.4 0.9 0.049 0.045 24.01.2025 12:56:06
107 4583288.843 659766.886 325.940 FIXED 28 48 1.1 0.5 0.9 0.040 0.035 24.01.2025 12:56:12
108 4583297.333 659764.676 325.731 FIXED 29 48 1.0 0.5 0.8 0.026 0.030 24.01.2025 12:56:32
109 4583301.035 659764.967 325.527 FIXED 28 48 1.1 0.6 0.9 0.039 0.039 24.01.2025 12:56:42
110 4583310.038 659759.162 324.794 FIXED 36 48 0.8 0.4 0.7 0.033 0.037 24.01.2025 12:56:57
111 4583312.130 659755.170 324.887 FIXED 32 48 0.9 0.4 0.7 0.030 0.036 24.01.2025 12:57:04
112 4583318.530 659753.933 323.866 FIXED 41 47 0.8 0.4 0.6 0.031 0.032 24.01.2025 12:57:19
113 4583318.618 659751.589 324.156 FIXED 36 47 0.9 0.5 0.7 0.031 0.032 24.01.2025 12:57:29
114 4583324.761 659750.428 323.322 FIXED 38 47 0.8 0.4 0.6 0.027 0.031 24.01.2025 12:57:40
115 4583323.952 659748.985 323.606 FIXED 39 47 0.7 0.4 0.6 0.033 0.035 24.01.2025 12:57:47
116 4583323.704 659742.113 324.751 FIXED 36 47 0.8 0.4 0.7 0.029 0.039 24.01.2025 12:57:59

117 4583286.573 659759.949 326.589 FIXED 32 47 1.0 0.4 0.8 0.030 0.037 24.01.2025 12:58:07
118 4583303.215 659753.527 326.738 FIXED 43 47 0.7 0.4 0.6 0.022 0.025 24.01.2025 12:58:20
119 4583349.643 659800.483 318.586 FIXED 41 46 0.7 0.4 0.6 0.023 0.026 24.01.2025 12:58:26
120 4583353.123 659801.626 318.456 FIXED 32 45 0.9 0.5 0.7 0.028 0.038 24.01.2025 12:58:35
121 4583356.986 659803.019 318.198 FIXED 36 48 0.8 0.4 0.7 0.033 0.037 24.01.2025 12:58:41
122 4583350.095 659811.102 318.221 FIXED 32 48 0.9 0.4 0.7 0.030 0.036 24.01.2025 12:59:52
123 4583339.323 659795.689 321.025 FIXED 41 47 0.8 0.4 0.6 0.031 0.032 24.01.2025 13:01:28
124 4583330.964 659803.561 321.301 FIXED 36 47 0.9 0.5 0.7 0.031 0.032 24.01.2025 13:01:35
125 4583319.269 659795.768 322.416 FIXED 38 47 0.8 0.4 0.6 0.027 0.031 24.01.2025 13:01:44

Плаќањето е успешно завршено

Број на извршената трансакција: 7165565

Датум на валута
31.01.2025

Назив на налогодавач:
Тони Василев
ул. Ленинова бр. 17

Назив на налогопримач:
НРБМ
Буџет на РМ

Трансакциска сметка на

Трансакциска сметка на
100-0000000-630-95

Банка на налогодавач:

Банка на налогопримач:
AKN 5

Даночен број или ЕМБС:
6083927

Износ:
МКД 255

Повикување на број:

Уплатна сметка:

Цел на плаќање:
Координати од геодетска мрежа

Сметка на буџетски корисник:
2100100450-787-11

Приходна шифра и програма:
724116-20 ☐ преку МИПС

Потпис:

Датум на уплата:
31.01.2025

Место на плаќање:
Интернет Casys cPay

Налог ПП50

ВКУПНО ЗА ПРИЈАВА	250
АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА	0
ПРОВИЗИЈА	5
ВКУПНО ЗА НАПЛАТА	**255**

Плаќањето е успешно завршено

Број на извршената трансакција: 7165618

Датум на валута
31.01.2025

Назив на налогодавач:
Тони Василев
ул. Ленинова бр. 17

Назив на налогопримач:
НРБМ
Буџет на РМ

Трансакциска сметка на

Трансакциска сметка на
100-0000000-630-95

Банка на налогодавач:

Банка на налогопримач:
AKN 5

Даночен број или ЕМБС:
6083927

Износ:
МКД 928

Повикување на број:

Уплатна сметка:

Цел на плаќање:
Издавање на податоци во дигитална форма

Сметка на буџетски корисник:
2100100450-787-11

Приходна шифра и програма:
724116-20 ☐ преку МИПС

Потпис:

Датум на уплата:
31.01.2025

Место на плаќање:
Интернет Casys cPay

Налог ПП50

ВКУПНО ЗА ПРИЈАВА	664
АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА	0
ПРОВИЗИЈА	14
ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ	250.00
ВКУПНО ЗА НАПЛАТА	**928**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-22/2025 од 05.02.2025 15:37:30

1110-22/2025

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ, заведена под број: 08-09/28/1 од 31.01.2025 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 05.02.2025 15:37:30 часот.

М.П.

ГЕОПЛАН КОМПАНИ ДОО Струмица

Службено лице

ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ

(име и презиме, потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-22/2025 од 05.02.2025 15:37:30

1110-22/2025

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ, заведена под број: 08-09/28/2 од 05.02.2025 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 05.02.2025 15:37:30 часот.

ГЕОПЛАН КОМПАНИ Струмица

М.П.

Службено лице

ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ

(име и презиме, потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-22/2025 од 05.02.2025 15:37:30

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Salter
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 5f 26 51 02
Валиден до: 17.03.2025
Датум и час на потпишување: 05.02.2025 во 15:40:16
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1110-22/2025

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ, заведена под број: 08-09/28/3 од 05.02.2025 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 05.02.2025 15:37:30 часот.

ГЕОПЛАН КОМПАНИ ДОО Струмица
М.П.

Службено лице

ДГРУ ГЕОПЛАН КОМПАНИ

(име и презиме, потпис)

ПРОЕКТНО ПЛАНСКИ ДЕЛ

- **Вовед**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УДНМ за с.Смолари, Општина Ново Село, се изработува согласно:
- член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.32/20г. и 111/23),
- член 56 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Основ за изрботка на урбанистичкиот проект ќе бидат:

– Проектна програма утврдена од нарачателот;
– Податоци од јавните институции и претпријатија засегнати со опфатот;
– Дигитализирана ажурирана геодетска подлога;
– Извод од план бр.10-75/2 од 13.01.2025г. УДНМ за с.Смолари за КП бр.3045, одлука бр.07-1243/1 од 01.12.2003г;
– Методологија која произлегува од Законот за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.32/20г. и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива од соодветната област.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УДНМ за с.Смолари, Општина Ново Село

- **Вовед**

Проектираната програма за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УДНМ за с.Смолари, Општина Ново Село,** се изработува согласно **член 58** од Законот за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.32/20г. и 111/23), **член 56** од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Основ за изрботка на урбанистичкиот проект ќе бидат:

1. Проектна програма утврдена од нарачателот;
2. Податоци од јавните институции и претпријатија засегнати со опфатот;
3. Дигитализирана ажурирана геодетска подлога;
4. Извод од план бр.10-75/2 од 13.01.2025г. УДНМ за с.Смолари за КП бр.3045, одлука бр.07-1243/1 од 01.12.2003г;

   Методологија која произлегува од од одредбите на:
   - Законот за урбанистичко планирање(Сл.В.на РСМ бр.32/20г. и 111/23),
   - Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),
   - Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14 и 65/15) како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива од соодветната област.

1. Опис на проектниот опфат

Проектниот опфат е лоциран во Општина Ново Село, КО Смолари, односно КП бр.3045 од УДНМ за Смолари, Општина Ново Село. Површината на опфатот изнесува 1708.32 м^2 и истиот ја зафаќа целата површина од КП бр.3045.

2. Проектни барања за градбите во рамките на проектен опфат

Целта на урбанистички проект за село-разработка на катастарска пацела е уредување и користење на просторот во рамки на една градежна парцела каде што не е формирана градежна парцела, а катастарската парцела ги задоволува условите за формирање на градежна парцела и од потребата на сопственикот за градење во парцелата, кое се дефинира со градби, намена на градбите, висина во катови и метри и други одредби кои се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Површината на **ГП бр.1.1** да биде **1708.32 м^2**, и да се педвиди површина за градење со катност од П+1 и максимална височина од 7.00м, а процентот на изграденост да биде до **15%.** Намената на градежната парцела да е во согласност со предвидената во изводот од УДНМ, односно:

Класа на намена на земјиштето и градбите:
А1-домување со комплементарни функции или поточно
А1.5-Станбени куќи во состав на селски стопански двор

Со урбанистичкиот проект се предвидува да се формира нова градежна парцела без да се менуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите, максималната височина и другите параметри утврдени по извод од УДНМ за Смолари, Општина Ново Село.

За намената А1 во Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), се дадени можности за планирање на **компатибилни намени** (Б1) чија застапеност на единечни класи на намена во однос на основната изнесува 30% од вкупната површина на основна класа на намена.

Поради специфичноста на градежната парцела, а со цел да се испочитуваат урбанистичките параметри од изводот од план, дел од просторот предвиден како површина за градење во приземје на ГП бр.1.1 се предвидува да се озелени, а дел да се искористи за паркинг за да се задоволи потребниот број на паркинг места и процентот на озеленетост согласно законската и подзаконската регулатива.

3. Проектни барања за инфраструктурата:

Приклучувањето ќе се овозможи според дадените насоки од надлежните институции од областа. Постоечката комунална инфраструктура, доколку ја има на локацијата, потребно е да се прилагоди соодветно со планските одредби.

Сообраќаен влез во предметната парцела да се овозможи преку улица У-1 која е превземенаод лице место.

Паркинг места: За класа нанамена За намена А1-домување во станбени куќи, паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитувањето на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20 и 219/21). Покрај уличната мрежа, ефикасно е решен и статичкиот сообраќај и тоа према карактерот на функцијата се предвидува паркиралиште во градежната парцела, по нормативот по 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица). Начинот на паркирање се предвидува во дворот на предметната парцела или во самиот објект.

Во прилог на оваа Проектна програма Ви доставуваме Предлог скица за план за разработка на катастарски парцели.

4. Општи и посебни цели на пчроектирањето и програмските содржини кои треба да бидат предмет на проектирање:

- **ОПШТИ ЦЕЛИ**

Општи цели на Проектната програма се:

- Изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УДНМ за с.Смолари, Општина Ново Село.
- Определување на проектен опфат, со програмски содржини кои треба да бидат предмет на планирањето.
- Определување на општи посебни смерници за изработка на УП за КП бр.3045, КО Смолари.

- **ПОСЕБНИ ЦЕЛИ**

Посебни цели на Проектна програма се:

- Создавање услови за рационално користење на земјиштето;
- Максимално почитување на катастарска парцела и нејзино корегирање;
- Планирање на површина за градење, со планирање на катност и максимална висина на објект, без да се менуваат збитните параметри на градење (површина за градење, намена на земјиште и објектите, процент на изграденост и коефициент на искористеност, како и другите плански одредби уредени со урбанистичкиот план);
- Определување на основна класа на намена со комплементарни, компитабилни и алтернативни класи на намена;
- Определување на начин на приклучување на објектите во граница на проектниот опфат со елементи на инфраструктура;
- Почитување и надградба на зеленило и пејсажни вредности;
- Подигнување на хуманоста во просторот и обезбедување на непречено движење на хендикепираните лица;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Предвидивање на мерки за заштита и спасување;
- Предвидување на мерки за заштита на културно добро;

**Проектот ќе биде финансиран од инвеститорот-нарачателот на проектната програма*

Нарачател:

РИСТО ДЕЛЕВ

1. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Се изработува Урбанистички проект за село-разработка на катастарска парцела, согласно ч.58, т.2 с.5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.32/20г. и 111/23), со кој се разработува урбанистички план за село, во рамки на една градежна парцела.

Предмет на планот е градежна парцела формирана на терен, а согласно геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога бр.08-09/28/3 од 05.02.2025г. изработена од ДГРУ „ГЕОПЛАН КОМПАНИ“ ДОО Струмица, евидентирана во Агенција за катастар со бр.1110-22/2025 од 05.02.2025год. Градежната парцела е со работна нумерација 1.1 и е со планирана основна намена на градбите А1.5-Домување во состав на селски стопански двор, со вкупно површина на проектен опфат од **1708.32 м²**. Цел на планот е отпочнување на постапка за Одобрение за градење.

Плановите кои се директно применливи, во кој спаѓа и Урбанистичка документација за населено место, се изработени врз база на Извод од просторен план на РМ, односно Услови за планиртање на просторот.

Досегашната градба во границите на опфатот и поширокота околина е насочена према одредбите од Урбанистичка документација на населено место Смолари, согласно Извод од план бр.10-78/2 од 13.01.2025г. УДНМ за с.Смолари за КП бр.3045, одлука бр.07-1243/1 од 01.12.2003г, издаден од Општина Ново Село-Одделение за урбанизам, градење и заштита на животната средина–одделение за урбанизам.

Урбанистичка документација на населено место Смолари е донесен во 2003 год. согласно законски одредби, со кои се планираат наменски зони, секундарна улична мрежа, линијска инфраструктура и општи и посебни одредби за примена на планот.

Согласно изводот од планот, во оваа катастарска парцела со **КП бр.3045, КО Смолари**, согласно УДНМ Смолари, Општина Ново Село, е планирана класа на намена домување со комплементарни функции.

Со изработка на Урбанистички проект, се врши теренско снимање на КП бр.3045, КО Смолари, Општина Ново Село, со евидентирање на градбите и линијската инфраструктура во соработка со општини и институции кои располагаат со податоци.

Границата на планскиот опфат е испрекршена затворена линија, а од север према исток граничи со следните парцели:

-од североисток граничи со сообраќаен коридор „У-1“.

-од југоисток граничи со сообраќаен коридор „У-2“.

-од југозапад граничи со обраќаен коридор „У-3“.

-од северозапад граничи со КП бр.3044.

Лицето на парцелата е ориентирано према североисток, теренот е рамен со блага наклонетост према север.

Големината на парцелата со КП бр.3045, КО Смолари, како и конфигурацијата на теренот, се главен предуслов за планирање на површината за градење, во ширина и висина кои се специфични за таков вид на објекти.

Како главни особини кои позитивно се рефлектираат во просторниот развој на подрачјето во планскиот опфат се:

- систем на градби во околината: објекти за производство, дистрибуција и сервиси.
- релјеф: рамен терен.
- геолошки карактеристики на почвата: поволни физичко-механички својства.

- сеизмика: поволни инженерско геолошки услови.

Земјиштето не е изградено, а околните парцели се користат за домување.

Врз основа на барање на податоци и информации за изработка на Урбанистички проект, во Е-Урбанизам-ПИМ, доставени се податоци од следните институции:

-ДЗС подрачно одделение за заштита и спасување – Струмица бр.09-28/3 од 10.02.2025г.

-Македонски телеком АД Скопје со бр.68725 од 13.02.2025г.

-ЈПКД „Комуналец“ Ново Село, со бр.10-1143/2 од 13.02.2025г.

-Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје со бр.10-55/5-43 од 25.02.2025г.

-ЈПКД „КОМУНА“ Ново Село, со бр.04-42/1 од 07.05.2025г.

Парцелата се наоѓа во населено место КО Смолари, постои планирана но нецелосно оформена сообраќајна инфраструктура, градежното земјиште е уредно со делумна линијска инфрасруктура. Постојните нумерички показатели со инвентаризацијата ги даваат следнирте параметри:

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНА (КАТАСТАРСКА) ПАРЦЕЛА-ПОСТОЈНИ								
Број на ГП (КП)	Површина На ГП, КП	Изградена површина на земјиште	Изграден површина на градбата	Макс.висина на градбите во спратови	Макс.висина на градбите во метри	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Основна класа на намена
	m^2	m^2	m^2		m	(%)	к	
3045	1708.32	/	/	/	/	/	/	НЗ-неизградено Градежно земјиште

Према увидот на лице место до моментот на отпочнување со работа, во планскиот опфат нема евидентирано градби со правен стаус стекнат по основ на Законот за постапување со бесправни објекти.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Со урбанистичко решение за градежната парцела бр.1.1 составена од дел од КП бр.3045, КО Смолари, согласно УДНМ на селото Смолари, Општина Ново Село, се планираат градби во согласност со пропишаните одредби во Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Цел на планот е доуредување и користење на просторот во формирана градежна парцела и усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Се формира една градежна парцела од КП бр.3045, КО Смолари, која е сопственост на инвеститорот и се дава нова нумерација **ГП бр.1.1** со вкупна површина од **1708.32 м^2.**

2.1 Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежните парцели

Организацијата на просторот во градежната парцела е во функција на потребите на сопствениците и корисници на просторот, а произлегува од неговите просторни карактеристики, диспозиција, сообраќајни врски и др.

Концепциски со овој план се продолжува досегашното планирање со претходните плански решенија во однос на намената на просторот, со дополнување на некои параметри кои не се во спротивност со важечките нормативи за урбанистичко планирање.

Основна класа на намена: А1.5– станбени куќи во состав на селски стопански двор **Компатибилна класа на намена на градбата:**	Макс. процент на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот	Макс. проецент на збирот на комп. класи на намени во однос на основната класа на намена
Б1-мали комерцијални и деловни намени	30	30

Компатибилните класи на намена се предвидуваат како комплементарни намени според член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), со максимум 30% на учество на збирот на компатибилните намени во однос на основните намени.

Се планира една нова површина за градење. На ниво на градежна парцела се добиваат следните нумерички показатели:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
Бр. На ГП	Површина на градежна Пацела	Класа на Намена	Бр.на Објект	Опис на Дејности Во градби	Максимална површина за Градење	Спратност	Максимална Висина до Хор.венец	Вкупно Изграден Површина	Процент на Изграденост	Коефициент На Искористеност	Процент на Озеленетост	Предвидени Паркинг места во Склоп на ГП
	m^2				m^2		m	m^2	(%)	к	(%)	
1.1	1708.32	А1 Станбени Куќи во Состав на селски стопански двор	1	Станбена Куќа	255.36	П+1	7.00	510.72	15	0.3	67	сог. чл.131 и 134 од прав. За урб.план.

Во понатамошната примена на УДНМ за Смолари, согласно Извод од план бр.10-75/2 од 13.01.2025г. УДНМ за с.Смолари за КП бр.3045, одлука бр.07-1243/1 од 01.12.2003г. издаден од Општина Ново Село-Одделение за урбанизам, градење и заштита на животна средина, останува правото на избор на инвеститорот, големината и формата на градбата да ги зголемува параметрите зададени во УДНМ према сопствени потреби со друг УП во согласност со максимално заданеите параметри во УДНМ и усвоениот предметен УП, а во се према Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Со планирањето на градбите во градежната парцела максимално се запазува карактерот на објетите и нивната содржина во околината.

Останатиот дел од парцелата се организира за паркинг простор, внатрешен сообраќај и украснои зеленило.

Урбанистичките параметри во склоп на градежната парцела, дадени се во табеларен преглед во графичкиот дел на планот.

2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места

Формирањето и ориентацијата на градбата е условена од изведената сообраќајна мрежа превземена од лице место. На северозападната страна од каде се планира и влез во парцела граничи со сообраќаен коридор „У-1“ која е со променлив профил од 4.2-4.8м, без тротоари, на која се поставени орманите за приклучок на струја и мерење на истата. Пристапот во градежната парцела е од северозападната страна.

Планирањето, развојот и изградбата на сообраќајот во парцелата е насочен кон овозможување и создавање безбеден и ефикасен систем на движење на луѓе и стока. Покрај уличната мрежа, ефикасно е решен и статичкиот сообраќај и тоа према карактерот на функцијата се предвидува паркиралиште во градежната парцела. Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитувањето на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за

урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива, според вкупниот број на вработени.

За намена А1-домување во станбени куќи:

Во урбанистички план се уредува начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување, кој зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

За намена Б1–Мали комерцијални и деловни дејности:

За продавници, дуќани и сл. 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина.

Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност, односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност. Паркинг местото е со минимални димензии од 3,50/5,50м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина.

2.3 Електрични инсталации

Планираната електроенергетската мрежа ќе ги задоволи потребите на проектираните градби во проектниот опфат. Објектот ќе биде приклучен на постоечката електоренергетска мрежа на градежната парцела. Приклучни места се предвидуваат 1 бр. преку приклучен орман, кој ќе биде поставен пред објектот, на границата помеѓу регулационата линија и парцелата, на страната на тротоарот.

Планираната електроенергетска мрежа од едновремена инсталација ќе се решава во понатамошната постапка со основен проект и со надлежени лица и електротехнички инжинер каде ќе ги задоволи потребите на проектираната градба во проектниот опфат.

При постоење на подземна инфрастрктура во дадениот опфат, потребно е инвеститорот да се обрати до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат, препорака од Електродистибуција дооел Скопје. Се планира и мерен орман кој ќе биде сместен на северозападниот дел од парцелата на границата помеѓу регулационата линија и линиите на парцелите на пристапна улица.

Се планираат телекомуникациски приклучни ормари во парцелата непосредно до регулационата линија во внатрешноста на парцелите, кој се поврзува со подземен ТК вод до предвидениот главен телекомуникациски вод.

2.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Со вода објектот се предвидива да се снабдуваат од селскиот водовод, преку водомерна шахта. Фекалната канализација во парцелата е решена со приклучок на селската мрежа преку ревизиона шахта, прописно изведена во сопствената парцела. Планирањето на хидрантска мрежа, за заштита на објекти од пожар, ќе биде обработено во Основниот проект со потребниот Елаборат согласно законската регулатива. За собирање на фекална канализација се до изведба на организирано собирање на селската канализација може да изведе подземна септичка јама, а исто така може да се изведат и попивателни бунари.

Атмосверската канализација е предвидена по примарната улична мрежа паралелно со фекалната.

Планирањето на хидрантска мрежа, за заштита на објекти од пожар, ќе биде обработено во Основниот проект со потребниот Елаборат согласно законската регулатива.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Со овој план се насочува градбата да биде унифицирана, подредена и адаптирана во се према Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

- Пречекорувањата на градежната линија со првостепена, второстепена и третостепена пластика се дозволени по целата должина на фасадата, на деловите од површините за градење каде градежната линија не се поклопува со границата на градежната парцела, но не на помало растојание од 3.00м до границата на парцелата.

- Во првостепена пластика спаѓаат: Ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа.

- Во второстепена пластика спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др.

- Во третостепена пластика спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30см.

- Каде што површината за градење од страната на градежната парцела е на растојание од 1.2м не треба да има пречекорување на градежната линија со првостепена и второстепена пластика.

- Кога растојанието помеѓу градежната линија и страната на градежната парцела е нула, не треба да има отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела.

- Кога растојанието е од 1,20 до 3,0 м, може да има само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија од 3,0 метри и над 3,0 метри се дозволени регуларни отвори на таа страна од градбата.

- Нулта плоча е првата плоча над теренот и испод неа можат да се организираат подрумски простории.

- Зелените површини што се предвидуваат во рамките на парцелат, односно сите слободни површини, треба да бидат озеленети со украсно средено и ниско зеленило.

- Со документацијата се предвидуваат плански мерки за заштита на населението во случај на природни непогоди и воена опасност. Тој вид на заштита се обезбедува со проектирање на објектот, статичка пресметка на основата конструкција и квалитетот на градбата.

Се планира една нова површина за градење. На ниво на градежна парцела се добиваат следните нумерички показатели:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
Бр. На ГП	Површина на градежна Пацела	Класа на Намена	Бр.на Објект	Опис на Дејности Во градби	Максимална површина за Градење	Спратност	Максимална Висина до Хор.венец	Вкупно Изграден Површина	Процент на Изграденост	Коефициент На Искористеност	Процент на Озеленетост	Предвидени Паркинг места во Склоп на ГП
	m^2				m^2		m	m^2	(%)	к	(%)	
1.1	1708.32	А1 Станбени Куќи во Состав на селски стопански двор	1	Станбена Куќа	255.36	П+1	7.00	510.72	15	0.3	67	сог. чл.131 и 134 од прав. За урб.план.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.В.на РСМ бр.36/04), се утврдува заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитогии и други несреки во мир и војна.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1. Мерки за заштита на животната средина

Во мерки за заштита на животната средина се опфатени заштита на воздухот, водата и почвата од загадување, како и заштита на животните и растенијата од влијаниа на човечка негрижа.

4.2. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.В. на РСМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 114/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), се утврдува систем за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и од воена состојба во Република Северна Македонија.

Начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба (Сл.В. на РМ бр.105/05).

- Мерките за заштита и спасување се урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

Според одговорот од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување -Струмица, мора да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.В.на РСМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 114/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), Законот за пожарникарство (Сл.В. на РСМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14 и 168/17-пречистен текст) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.В. на РСМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 114/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр.93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РСМ бр.231/20), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

- УРБАНИСТИЧКО - ТЕХНИЧКИ МЕРКИ СЕ:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи

- ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ СЕ:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

4.3. Мерки за заштита од природно и културно наследство

Поради неможноста да се изврши теренска проспекција која би ги опфатила и долните слоеви на земјиштето се обврзува изведувачот на работите благовремено да го извести НУ Завод и Музеј Ново Село, за времето на отпочнување на работите, со што би добиле увид и во стратиграфијата на теренот. Изведувачот се обврзува да го извести НУ Завод и Музеј Ново Село и веднаш да ги прекине изведувачките активности доколку наиде на било каков вид движно и недвижно културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмет од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В. на РСМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 104/15, 154/15, 192/15, и 39/16).

Изработил:
Александра Едровска, диа

5. ДРУГИ ПРИЛОЗИ СО ПОДАТОЦИ

Во прилог на оваа точка следуваат добиените податоци од субјектите од член 47, став 1, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.В.на РСМ бр.32/20 и 111/23), како и други информации и мислења од државни и јавни претпријатија релевантни за урбанистичкиот проект.

10 Февруари 2025

Архивски број: 09-28/3

ДО
ДП „ВИЗУРА“ ДООЕЛ Струмица

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.53/25 од 07.02.2025 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Валандово информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УПС за с.Смолари, Општина Ново Село.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработка на **Урбанистички проект за село-разработка на КП бр.3045, КО Смолари, согласно УПС за с.Смолари, Општина Ново Село.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде“ бб
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел.034328885
076 475429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и другинесреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
